Врз основа на член 28 став 1 и став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и во врска со член 6 став 4 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) донесен од Агенцијата за заштита на лични податоци, Приватната високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ Скопје, со седиште на булевар Партизански одреди бр.99, Скопје, со ЕМБС 6498256 и ЕДБ 4057009502463 (во понатамошниот текст УТМС Скопје/Контролор) на ден 29.08.2023 година донесе:

# ПОЛИТИКА ЗА СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## I. Цел и опсег на политиката

УТМС Скопје во рамките на својот делокруг на работење при вршењето на својата дејност врши собирање, чување и обработка на лични податоци.

Од аспект на заштита на обработката на личните податоци, УТМС Скопје е контролор на лични податоци, а субјекти на лични податоци се лицата кои се вработени и ангажирани кај Контролорот, како и клиенти и други лица кои соработуваат со Контролорот.

Оваа политика опишува како личните податоци треба да се собираат, ракуваат и чуваат за да се исполнат стандардите за заштита на личните податоци на Контролорот, со цел постапување согласно со законот.

Целта на оваа политика е да го објасни пристапот на Контролорот за обезбедување усогласеност со Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти. Со оваа политика се дефинира процесот за управување со соодветен систем за заштита на личните податоци со технички и организациски мерки што Контролорот во својство на контролор го воспоставува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши.

„Систем за заштита на личните податоци“ претставува збир на документирани политики, кодекси на практика, насоки, процедури и работни инструкции донесени од страна на Контролорот а кои се во функција на спроведување на технички и безбедносни мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

Политиката за систем за заштита на личните податоци се однесува на сите вработени кај Контролорот, клиенти и трети лица со кои соработува Контролорот.

Оваа Политика ги утврдува основните принципи со кои Контролорот ги обработува личните податоци, ја дефинира документацијата за техничките и безбедносните мерки кои се преземаат, ги означува одговорностите на вработените при обработката на личните податоци и правата кои субјектите на личните податоци ги имаат.

Оваа политика гарантира дека Контролорот обработува лични податоци:

- во согласност со Законот за заштита на личните податоците на Република Северна Македонија;
- за конкретни, јасни и со закон утврдени цели;
- со примена на основните законски начела за заштита на податоците;
- со примена на соодветни технички и организациски мерки;
- со заштита на правата на сите субјекти на податоците;
- со заштита од ризиците од уништување на податоците;
- отворено и транспарентно за тоа како ги обработува личните податоци.

## II. Примена на начела

На секоја обработка на лични податоци од страна на Контролорот задолжително се применуваат начелата за безбедност и заштита на личните податоци, така што личните податоци:

- се обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци („законитост, правичност и транспарентност“),
- се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели. („ограничување на целите“),
- се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат („минимален обем на податоци“),
- се точни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле обработени („точност“),
- се чувани во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци („ограничување на рокот на чување“),
- се обработени на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички или организациски мерки („интегритет и доверливост“).

## III. Основи за обработка на лични податоци

Контролорот врши обработка на личните податоци во согласност со законските основи за вршење на истата, и тоа следните:

### 1. <u>Обработка врз основа на согласност</u>

Контролорот, по правило, врши обработка на личните податоци врз основа на претходно добиена согласност од субјектот на лични податоци за една или повеќе конкретни цели.

Согласноста може да се даде во форма на изјава за согласност од субјектот или како дел од изјава која се однесува на друго прашање, во кој случај изјавата за согласност за обработка на личните податоци треба да биде во разбирлива и лесно достапна форма, користејќи јасни и едноставни средства.

### 2. <u>Обработка потребна за исполнување на договор/ за преземање активности пред пристапување кон договор</u>

Контролорот врши обработка и без посебна согласност од субјектот на лични податоци, за извршување на договор во кој субјектот на лични податоци е договорна страна или кога на барање на субјектот на лични податоци е потребно да се преземат активности пред неговото пристапување кон договорот.

### 3. <u>Обработка потребна за исполнување на законска обврска</u>

Личните податоци кај Контролорот може да се обработуваат во согласност со закон, за конкретни, јасни и со закон утврдени цели, а заради исполнување на законски обврски на Контролорот.

Контролорот се води меѓудругото и од Законот за работни односи, Законот за облигационите односи и други позитивни законски прописи.

### <u>4. Обработка е потребна за заштита на суштинските интереси на субјектот на лични податоци или на друго физичко лице</u>

Личните податоци во Контролорот може да се обработуваат и доколку е потребна заштита на суштинските интереси на субјектот на личните податоци.

### 5. <u>Обработка потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување утврдено со закон</u>

Личните податоци од страна на Контролорот може да се обработуваат и заради извршување на работи од јавен интерес односно при вршење на јавно овластување на Контролорот, а кое што може да произлезе од дејноста која ја врши.

### 6. Обработката потребна за целите на легитимните интереси на Контролорот

Личните податоци кај Контролорот може да се обработуваат и заради нивни легитимни интереси, при што Контролорот внимава таквите легитимни интереси да не преовладуваат над интересите или основните права и слободи на субјектот на лични податоци, којшто бара заштита на личните податоци.

Во случај на обработка потребна за целите на легитимните интереси, Контролорот врши проценка- тест за цел, неопходност и за балансирање, со што треба да се утврди дали навистина постои легитимен интерес и дали преовладува над интересите, правата и слободите на субјектот.

## IV. Збирки на лични податоци

Контролорот ги обработува следните збирки на лични податоци:

- збирка на лични податоци за лица вработени кај Контролорот
- збирка на лични податоци за лица ангажирани кај Контролорот врз основа на Договор
- збирка на лични податоци за лица кои поднесуваат пријава врз основ на оглас за вработување кај Контролорот
- збирка на лични податоци за студенти
- збирка на лични податоци за лица кои поднесуваат пријава врз основ на отворен повик за упис на студенти
- збирка на лични податоци за соработници
- збирка на лични податоци од видео надзор
- збирка на лични податоци од веб страна

Основот за обработка на лични податоци за евиденција за вработените произлегува покрај изрична согласност на работникот, така и од член 44 од Законот за работни односи (Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019 и 267/2020) и од член 85 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20).

Основот за обработка на лични податоци за евиденција на ангажирани лица врз основа на Договор произлегува од изрична согласност на физичките лица со дадена изјава за согласност или склучен договор со Контролорот, односно согласно одредбите на член 11 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20) и одредбите од Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013).

Основот за обработка на лични податоци за евиденција на лица кои поднеле пријава врз основ на оглас за вработување кај Контролорот произлегува покрај од изрична согласност на лицето кое се пријавило на огласот, така и од Законот за работни односи (Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019 и 267/2020) и Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20).

Основот за обработка на лични податоци за евиденција на студенти произлегува покрај од изрична согласност на студентите и од одредбите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021).

Основот за обработка на лични податоци за евиденција на лица кои поднеле пријава врз основа на отворен повик за упис на студенти произлегува покрај од изрична согласност на студентите и од одредбите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021).

Основот за обработка на лични податоци за евиденција на соработници произлегува од изрична согласност на физичките лица со дадена изјава за согласност или склучен договор со Контролорот, односно согласно одредбите на член 11 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20) и одредбите од Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013).

Основот за обработка на лични податоци на лица кои пристапуваат во деловните простории на Контролорот произлегува од изрична согласност на физичките лица кои пристапуваат во просториите, како и од одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20).

Основот за обработка на лични податоци на лица кои пристапуваат на веб страната на Контролорот произлегува од изрична согласност на лицата дадена со одобрување на колачиња за користење на веб страната, како и од одредбите на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/20).

## V. Категории на субјекти и категории на лични податоци

Контролорот врши обработка на лични податоци на следните категории на субјекти на лични податоци:

- лица вработени кај Контролорот
- ангажирани лица врз основа на Договор
- лица кои поднесуваат пријава на оглас за вработување
- студенти
- лица кои поднесуваат пријава на повик за упис на студенти
- соработници
- лица кои пристапуваат во објектот и во деловните простории
- лица кои пристапуваат на веб страната на Контролорот

Врз основа на што, Контролорот ги обработува следните категории на лични податоци:

1. Заради спроведување на конкретни права и обврски од обласата на трудовото право за вработените кај Контролорот

- име и презиме
- податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
- единствен матичен број на граѓанинот
- број на лична карта
- адреса
- контакт информации (број на телефон, e-mail)
- образование
- занимање/професија
- работно место и
- број на сметка во банка.

2. Заради спроведување на конкретни права и обврски за ангажирани лица врз основа на Договор

- име и презиме

- податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
- единствен матичен број на граѓанинот
- број на лична карта
- адреса
- контакт информации (број на телефон, e-mail)
- образование
- занимање/професија
- работно место и
- број на сметка во банка.

3. Заради спроведување на конкретни права и обврски од областа на трудовото право за лицата кои поднесуваат пријава на оглас за вработување кај Контролорот
   - име и презиме
   - податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
   - адреса
   - контакт информации (број на телефон, e-mail)
   - образование
   - занимање/професија
   - работно место

4. Заради спроведување на конкретни права и обврски за студенти
   - име и презиме
   - податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
   - единствен матичен број на граѓанинот
   - број на лична карта
   - адреса
   - контакт информации (број на телефон, e-mail)
   - образование.

5. Заради спроведување на конкретни права и обврски на лица кои поднесуваат пријава на повик за упис на студенти кај Контролорот
   - име и презиме
   - податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
   - единствен матичен број на граѓанинот
   - број на лична карта
   - адреса
   - контакт информации (број на телефон, e-mail)
   - образование.

6. Заради спроведување на конкретни права и обврски за соработници
    - име и презиме
    - податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
    - единствен матичен број на граѓанинот
    - број на лична карта
    - адреса
    - контакт информации (број на телефон, e-mail)
    - образование
    - занимање/професија
    - работно место и
    - број на сметка во банка.

7. Заради остварување на легитимните интереси на Контролорот

    - физички и физиолошки изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од просториите на Универзитетот;
    - физички и физиолошки изглед на вработените и ангажираните лица во Универзитетот.

8. Заради спроведување на конкретни права и интереси на лицата кои пристапуваат на веб страната

    - IP адреса.

Контролорот врши обработка на матичниот број на граѓанинот само по претходна изречна согласност на субјектот на лични податоци или за остварување на со закон утврдени, права или обврски на субјектот на лични податоци или свои, како и во други случаи утврдени со закон, но не врши системска и обемна обработка на матични броеви.

Контролорот води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.

Контролорот не обработува посебни категории на лични податоци. По исклучок обработка на посебните категории на лични податоци може да се врши од страна на Контролорот, само ако е во согласност со членот 13 од Законот за заштита на личните податоци.

## VI. Нивоа на мерки за безбедност на обработка на личните податоци

Земајќи ги предвид природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различна веројатност и сериозност за правата и слободите на физичките лица, Контролорот обебедува соодветно ниво на технички и организациски мерки кое е пропорционално на активностите за обработка на личните податоци.

На сите документи кај Контролорот задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, класифицирани во две нивоа:

- станардно и
- високо ниво

Контролорот обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци зависно од нивото за безбедност во кое се класифицирани, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од случајно губење, уништување или оштетување, и тоа:

За сите документи задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на стандардно ниво.

За документите кои содржат матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на стандардно и високо ниво.

## VII. Документација за технички и организациски мерки

За да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци, Контролорот применува соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

Заради заштита на личните податоци Контролорот применува адекватни административни, технички и физички мерки и контроли според воспоставените стандарди за сигурност на информативниот систем, соодветно на ризикот при обработката и природата на податоците кои се предмет на обработување.

Врз основа на член 10 став 2 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) и согласно оваа Политика за систем за заштита на личните податоци, Контролорот носи подетални

политики и процедури, во кои се опишани техничките и организациски мерки и станува збор за:

1. Политика за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациска опрема;
2. Политика за пријавување, реакција и санирање на инциденти и начинот на управување со инциденти
3. Политика за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци
4. Политика за начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите
5. Политика за обезбедување на опрема со која се врши обработка на податоци, преносливи медиуми, заштита на внатрешна мрежа, сервери, веб- страница, криптирање и евиденција на пристап- logs
6. Политика за организациски мерки и мерки за физичка безбедност
7. Политика за ангажирање на обработувач
8. Процедура за правата на субјектите на личните податоци
9. Процедура за вршење внатрешна контрола
10. Процедура за начинот на вршење на видео надзор
11. Политика за приватност
12. Политика за колачиња

Контролорот ја менува и дополнува горенаведената документација кога ќе се направат промени во информацискиот систем и информатичката инфраструктура, а најмалку еднаш годишно врши нејзино оценување, евалуација и ажурирање.

## VIII. Општ опис на технички и организациски мерки

Контролорот обезбедува соодветни технички и организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци и тоа:

- сведувањето на минимален обем на податоците;
- вклучување на потребните заштитни мерки во процесот на обработка;
- обезбедување на континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на системите и услугите за обработка;
- навремено, повторно воспоставување на достапноста до личните податоци и пристапот до нив во случај на физички или технички инцидент;
- редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел да се гарантира безбедноста на обработката;ж

- носење процедури и политики со кои детално се обработуваат сите прашања за техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци.

Контролорот обезбедува соодветни организациски мерки за безбедност на личните податоци, а особено:

- ограничен пристап со идентификација за пристап до податоците;
- организациски правила за пристап на овластените лица до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање документи преземени од електронска пошта и други извори;
- уништување документи по истекот на рокот за нивно чување;
- мерки за физичка сигурност на работните простории и на информатичко комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;
- почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко комункациската опрема на која се обработуваат личните податоци;
- информирање и едуцирање за заштитата на лични податоци.

## IX. Техничка и интегрирана заштита на личните податоци

Контролорот воспоставува техничка и интегрирана заштита на личните податоци (Data protection by design and by default) според најновите технолошки достигнувања, трошоците за спроведување, природата, обемот, контекстот и целите на обработката, како и ризиците со различна веројатност и сериозноста за правата и слободите на физичките лица кои произлегуваат од обработката, на начин што вклучува заштита на податоците како дел и од дизајнирањето и како дел од спроведувањето на услугите и деловните практики односно во моментот на дефинирање на средствата за обработка, како и во моментот на самата обработка, така што обезбедува:

- Заштита на податоци преку дизајн (data protection by design), која опфаќа вградување на опции и технологии за заштита на личните податоци, директно и уште во рана фаза на пристапот до податоците, што овозможува да се обезбеди подобра и поекономична заштита на приватноста на податоците. Во таа смисла Контролорот во моментот на собирање на податоците и дефинирање на средствата за обработка веќе има претходно:

- вопоставен систем за заштита на лични податоци, кој вклучува технички и организациски мерки;
- донесена целосна интерна документација за безбедност на обработката на личните податоци;
- определено Офицер за заштита на личните податоци;
- определено Администратор на информациски систем;
- проценето ризици за заштитата на личните податоци, уште пред да се појават истите и преземено чекори за превенција од истите;
- предвидено права на субјектите на личните права и начин за нивна реализација;
- ангажирано обработувачи кои обезбедуваат доволно гаранција за примена на технички и организациски мерки;
- спроведено начелата за заштита на личните податоци ( субјектите даваат согласност за обработка со потпишување на изјава/полномошно/договор и сл.; ограничени цели; се собира и користи само минимален обем на податоци потребни за остварување на целта; се инсистира на точни податоци; со ограничува рокот на чување на податоците и се спроведува на интегритет и доверливост на податоците)

- Заштита на податоци преку стандард (data protection by default), која значи дека и понатамошните услугите кои ги дава Контролорот, по собирањето на личните податоци, се поставени на начин што при обработката на личните податоци автоматски се заштитуваат податоците. Во таа смисла Контролорот во текот на целата обработка на податоци:

- ги применува сите технички и организациски мерки постојано во процесот на обработка;
- обработува само минимален обем на лични податоци за остварување на целта;
- ги обработува и чува податоците не подолго, од она што е потребно за остварување на целта;
- доколку се појават инциденти во текот на обработката, ги пријавува соодветно и реагира брзо за нивно санирање;
- овозможува повлекување на согласноста за обработка на субјектот во секое време;
- прави сигурносна копија, архивирање и чување на податоците и доколку е потребно повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- користи мерки за обезбедување на опремата, медиумите, внатрешната мрежа и информацискиот систем;

- врши редовни контроли на работењето.

## X. Одговорност

Обработката на лични податоци кај Контролорот може да ја вршат само вработени и ангажирани лица, кое се уредно овластени за истото и тоа само за намените и целите за кои се собрани податоците.

Вработените и ангажираните лица кај Контролорот, кои се уредно овластени од страна на Контролорот за обработка на лични податоци, се должни, секој во рамките на своите работни задачи, да ја почитуваат и применуваат оваа Политика и интерни акти донесени врз основа на неа.

Вработените и ангажираните лица имаат обврска да пријават секаков инцидент, пречка или проблем со кој ќе се сретнат при обработката на личните податоци согласно Политиката за пријавување, реакција и санирање на инциденти и начинот на управување со инциденти.

Секое кршење на Законот за заштита на податоци, друг релевантен закон, на оваа Политиката и интерните акти на Контролорот, ќе се смета за дисциплински прекршок и во тој случај ќе се применуваат дисциплинска постапка.

Офицерот за заштита на личните податоци на Контролорот, е должен да врши редовни контроли над спроведувањето на мерките за заштита и безбедност на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица.

## XI. Права на субјектите

Контролорот во врска со начелото на транспарентност предвидено со Закон, носи *Процедура за правата на субјектите*, која што ги опишува правата на субјектот на личните податоци и должностите на Контролорот во врска со нив, како и постапката за нивно информирање.

## XII. Обработувачи на лични податоци

Контролорот ангажира обработувачи согласно законските одредби за истото и донесената Процедура за ангажирање на обработувач.

## XIII. Пренос на лични податоци

Контролорот врши пренос на лични податоци на начин што користи сервери кои се наоѓаат надвор од територијата на Република Северна Македонија, при што преносот

е уредно пријавен во Агенцијата за заштита на личните податоци и Контролорот се обврзува да постапува согласно законските одредби за истото.

## XIV. Давање лични податоци на корисници

Контролорот може да даде лични податоци на корисник доколку е потребно во конкретен случај, а врз основа на писмено барање од корисникот и доколку тој корисник согласно со закон е овластен да ги обработува, само во време кое е неопходно за остварувањето на конкретната цел предвидена со закон.

Во случај Контролорот да даде лични податоци на корисници, должно е да води Евиденција за истото.

## XV. Ревизија на Политиката

Контролорот ја менува оваа Политиката и интерните акти донесени врз основа на неа, доколку се направат промени во информацискиот систем и информатичката инфраструктура, а најмалку еднаш годишно врши оценување, евалуација и ажурирање.

Контролорот ја ревидира и усогласува оваа Политика согласно промените во неговото работење, како и согласно промени во законската и подзаконската регулатива.

## XVI. Завршни одредби

Оваа Политика стапува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување, а истата ќе биде објавена на огласната табла кај Контролорот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЕНАТ**

**проф. д-р Дејан Наковски, с.р.**